РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-770/10
04-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 66 - та седница, одржана на ден 21.04.2022 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот број 12-770/1 од 17.02.2021 година,оформен по пријава со наводи за сомневања за неправилности во работењето на Националната установа „-------- -----------" Скопје , **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што за предметниот случај е постапено од други надлежни органи, а по оформен кривичен предмет за случајот во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-770/1 од 17.02.2021 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител,---- ----------- од ------, поднесена е пријава заведена под број 12-770/1 од 17.02.2021 година по која е оформен предмет со наводи за сомневања за неправилности во работењето на Националната установа „-------- -----------" Скопје по однос на ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства од страна на установата и преземањето обврски над одобрените средства во време кога директор на оваа установа било лицето ------- ----------------. Во пријавата е наведено дека истата заедно со прилог Записник за извршен инспекциски надзор од Министерството за култура, била доставена до повеќе институции во РСМ и се бара нивно надлежно постапување.

Заради проверка на предметните наводи и за утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара информации и податоци од Основното јавно обвинителство Скопје, Министерството за култура и од Управата за финансиска полиција, по однос на нивното надлежно постапување по поднесената пријава. По барањата доставени се бараните информации, со прилог документација и по извршениот увид во целокупната документација по преедметот, ДКСК го констатира следново:

1) Од страна на НУ „-------- -----------" Скопје поднесена е кривична пријава против ------- -----------, поранешен директор на таа установа, за кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.1 и ст.5 од КЗ и чл.70-а ст.7 од Законот за култура, која пријава во основното јавно обвинителство била заведена под КО бр.634/21. Од причина што за пријавеното кривично дело стварно надлежно да постапува било Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на 12.03.2021 година, предметот со сите списи е доставен на надлежно постапување на тоа обвинителство.

2) Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК постапил по поденена иницијатива, бр. 19-12.635/1 од 9.12.2020 година и од страна на инспектор при овој Сектор извршен е вонреден инспекциски надзор во предметната национална установа, за што бил изготвен Записник бр. ИП 1 бр. 57-103 од 24.12.2020 година.

При надзорот биле констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот за кои биле преземени соодветни мерки и активности и тоа:

- по однос на сторен прекршок по член 70-а став (4) од Законот за културата, а казнив по член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон, била спроведена постапка за порамнување во која на директорот ----- ----------, како одговорно лице, му е издаден Прекршочен платен налог од 04.01.2021 година, по што од негова страна е платена предвидената глоба;

- поради незаконитостите во работењето утврдени при вонредниот инспекциски надзор, со Решение на министерот за култура од 02.02.2021 г. ----- -------- е разрешен од должноста директор на НУ - „-------- -----------" Скопје;

- во координација со Министерството за култура, а во врска со утврдената незаконитост при вонредниот инспекциски надзор, од страна на НУ „-------- -----------" Скопје, поднесена е Кривична пријава против поранешниот директор ----- ---------, од 24.02.2021 година, до Основното јавно обвинителство Скопје, поради основано сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" (по член 353 ст. 1 и 5 од Кривичниот законик и член 70-а став 7 од Законот за културата);

- исто така, поради незаконитости во финансиското работење утврдени при вонредниот инспекциски надзор, од страна на НУ „-------- -----------" Скопје, поднесени се пријави до Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, од 17.02.2021 година, како и до Министерството за внатрешни работи-Сектор за финансиски криминал од 23.02.2021 година.

3) Управата за финансиска полиција постапила по пријава со наводи за сомневања за неправилности во работењето на Националната Установа „-------- -----------" Скопје, по однос на ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства во време кога директор на оваа установа било лицето ----- -----------, а од нивна страна е отворена предистражна постапка, по што до ОЈО Скопје била доставена Кривична пријава КУ 25 бр.12-479/6 од 28.07.2021 година против пријавеното лице поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353 од Кривичниот Законик на Република Северна Македонија.

4) Во текот на на постапувањето по оформениот предмет, извршени се проверки од страна на Одделението за следење на имотната состојба и интереси каде е утврдено дека во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата , споментатото лице не поднел анкетен лист за престанок на функцијата. Од утврденото, а по заклучок на состанок на колегиум на ДКСК, одржан на ден 12.03.2021 година, заради понатамошно постапување и обезбедување на потребната документација за спроведување на прекршочна постапка против наведеното лице согласно ЗСКСИ, во Одделението за следење на имотната состојба и интереси е оформен предмет за конкретното лице кој е заведен под број 08-2177/1 од 2021 година. ДКСК има постапено по оформенит предмет и на 55-та седница одржана на ден 18.11.2021 година, донесена е одлука за запирање на постапката по истиот, со број 08-2177/7 од 23.11.2021 годна, поради тоа што е констатирано дека по издадениот прекршочен платен налог од 15.09.2021 година за сторениот прекршок, издаден од ДКСК на лицето ----- ---------, постапено од страна на сторителот на прекршкот односно, платена е половина од утврдената глоба во истиот.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од страна на други органи кои се надлежни да постапуваат, а воедно за овој случај е оформен кривичен предмет кој е доставен на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција по кој постапката е во тек. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Доставено до;
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р Ш.С., Член на ДКСК